До: Основен кривичен суд

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер.

**Колку има вкупно изречени пресуди за „Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „Спречување службено лице во вршење службено дејствие" од 01.01.2017 до 31.10.2023?**

Начин на запознавање со содржината:

- **препис**
- **фотокопија**
- **електронски запис**

Начин на доставување на информацијата:

- **е-маил/e-mail**

**Подготвил:**

[redacted]

| | |
|---|---|
| Наслов | **Re: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер** |
| Од | [redacted] |
| Примач | <contact@osskopje1.mk>, <osnoven1s@yahoo.com>, <slobodenpristap@osgostivar.mk>, <info@oskicevo.mk>, <m.muratoski@osdebar.mk>, <potparol@ostetovo.mk>, <sonja.gjonceska@osstruga.mk>, <info@osstruga.mk>, <info@osohrid.mk>, <info@osresen.mk> 18 повеќе... |
| Копирај | <videovesti.alfatv@gmail.com> |
| Датум | 07.11.2023 09:51 |

Дополнување: Ве молам и за информација каква била основата на пресудите, условно, казна затвор или ослободителна?

[redacted]

On Tue, 7 Nov 2023, 08:00 [redacted] wrote:

> Почитувани при основен кривичен суд,
>
> Во прилог ви испраќам барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во PDF електронски формат.
>
> Барањето се однесува за вкупни бројки од целата територија на државата, односно, целокупно од сите основни кривични судови.
>
> Ве молам за повратен одговор дека барањето уредно сте го примиле, како и архивскиот број под кое е заведено.
>
> [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.13/2023
15.11.2023

ДО

С к о п ј е

Предмет:Одговор на Ваше барање за пристап на информации од јавен карактер од 07.11.2023год.

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци колку има вкупно изречени пресуди за “Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“ и “Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ во Основниот суд во Прилеп во периодот од 01.01.2017год. до 31.10.2023год., Ве известуваме дека станува збор за 32 изречени пресуди по чл.383 од КЗ за “Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“ и 47 изречени пресуди по чл.382 од КЗ за “Спречување службено лице во вршење службено дејствие“. За кривичното дело “Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“ од чл.383 од КЗ од донесените пресуди, 12 пресуди се со затворска казна, 16 пресуди се условна казна и 1 пресуда е со изречена парична казна, додека пак за еден предмет Основниот суд во Прилеп е огласен за ненадлежен. За кривичното дело “Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ од чл.382 од КЗ од донесените пресуди, 9 пресуди се со затворска казна, 26 пресуди се условна казна, 6 пресуди се со изречена парична казна, 2 пресуди се ослободителни и една пресуда е одбивателна.

Со почит,

В.Д ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Јасмина Шишковска Стојковиќ